***Постапка на избор на корисници по мерка 302***

Рангирањето ќе се користи за избор на инвестиции на кои ќе им се додели финансиска поддршка само доколку бараната сума на финансиска поддршка е поголема од онаа што е на располагање за определена мерка за конкретниот јавен повик. Бодувањето на барањата за финансиска поддршка во ваквиот случај ќе се користат само за мониторинг цели. Одобрувањето на финансиската поддршка за инвестиции ќе се врши врз основа на критериумите за соодветност без претходно рангирање на сите соодветни инвестиции во еден јавен повик.
Ќе се одобруваат и инвестиции кои согласно бодувањето имаат 0 бодови, доколку се исполнети критериумите за соодветност и доколку бараната сума на финансиска поддршка е помала од онаа што е на располагање за определена мерка за конкретниот јавен повик/финансиска година.“ Изборот на корисниците се врши со проверка на исполнување на условите за користење на средства за инвестиции предвидени со мерката 302.
Во случај кога бараната сума на финансиска поддршка е поголема од онаа на располагање за секоја мерка, рангирањето ќе се одвива на следниот начин:
- Доколку два или повеќе баратели имаат ист број на бодови, рангирањето ќе се врши според приемот на барањето, односно денот, часот и минутата на приемот на комплетното барање за финансиска поддршка во Агенцијата.
- Доколку вкупниот износ на барана финансиска поддршка на рангираните баратели е повисок од расположливите средства, Агенцијата склучува договор за користење на финансиска поддршка со прворангираните баратели чиј вкупен побаран износ е еднаков на расположливите средства.
-Доколку вкупниот износ на бараната финансиска поддршка на последниот од прворангираните баратели делумно ги надминува расположливите средства, Агенцијата ќе предложи склучување на договор за финансиска поддршка во износ до расположливите средства под услов инвестицијата да има економска исплатливост.
Потенцијалните корисници кои ги исполниле условите за стекнување со право на користење на средства се рангираат со бодување:

| КРИТЕРИУМ | ПОКАЗАТЕЛ | БОДОВИ АКО ДА | МАКСИМУМ БОДОВИ |
|---|---|---|---|
| **Локација на проектот** | - ако инвестицијата е предвидена во општини со рурални центри, ридести и планински населби, населби близу граница, економски неразвиени или специфични региони, | **15** | **35** |
| | - ако инвестицијата е предвидена во општина која граничи со Природни заштитени зони, дефинирано во **Прилог 7** | **10** | |
| | - ако инвестицијата е предвидена во општина која граничи со локалитети од културно наследство или археолошки локалитети, согласно Законот за заштита на културното наследство | **10** | |
| **Создавање** | - ако инвестицијата дава можност за | **15** | **15** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **можности за вработување** | најмалку 5 до 10 нови вработувања; | | |
| | - ако инвестицијата дава можност за најмалку 3 нови вработувања; | **10** | |
| | - ако инвестицијата дава можност за најмалку 1 ново вработување; | **5** | |
| **Зачувување на традицијата и наследството** | - ако инвестицијата ги почитува традиционалните карактеристики на руралната област каде што се наоѓа (традиционален надворешен и внатрешен дизајн, традиционални рецепти, кујна, занаети, итн.) | **20** | **20** |
| **Промовирање на партнерски акции** | Заеднички проекти во кои спаѓа приватно партнерство меѓу различни рурални економски актери | **10** | **10** |
| **Подобрување на половата и старосна структура во руралните области** | Инвестиции промовирани од жени | **10** | **20** |
| | Инвестиции промовирани од млади (меѓу 18 и 40 години) | **10** | |
| | | **ВКУПНО** | **100** |

**Бодувањето ќе се користи за избор на проекти преку рангирање во случаите кога бараната сума за финансиска поддршка по примени барања го надминува достапниот буџет наменет за оваа мерка**